ISSN: 1857-6710

Бр. 15 Цена: 50 ден. НОЕМВРИ 2010 год.

# ШТИТ

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



ДОСЕГА НАЈМАСОВНА ВЕЖБА ВО МАКЕДОНИЈА

## БЛЕСОК НА МАКЕДОНСКИТЕ ВОЈНИЦИ

## МАКЕДОНИЈА ГО БАРА ЗАСЛУЖЕНОТО

ДА СЕ ВРЕДНУВААТ РЕФОРМИТЕ И ШТО ПОСКОРО ДА БИДЕ ДЕЛ ОД АЛИЈАНСАТА

МУЛТИНАЦИОНАЛНА ВЕЖБА ВО РЕПУБЛИКА УНГАРИЈА СО УЧЕСТВО НА ТРИ ХЕЛИКОПТЕРИ ОД ВОЗДУХОПЛОВНИОТ ВИНГ НА АРМ

## „Logical Decision 2010“

★АРМ - НАТО ★ РАПОРТИРАЊЕ ★ ОРУЖЈЕ ★ ВОЕНА ИСТОРИЈА ★ ИГРИ И СИМУЛАЦИИ ★

# Содржина:




Страница 8 **ИНТЕРВЈУ СО ГЕНЕРАЛ-МАЈОР ВО ПЕНЗИЈА ЏЕЈМС БАТАГЛИНИ, ИЗВРШЕН ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА „COLT DEFENSE LLC“**

Страница 4 **„АЛИЈАНСАТА ПАК ЌЕ СЕ ПРОНАЈДЕ СЕБЕСИ“**
БИТКА ЗА ПОМОДЕРНО, ПОЕФИКАСНО НАТО, ПОДГОТВЕНО ДА ОДГОВОРИ НА ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА НОВОТО ВРЕМЕ

Страница 17 **ЏИН НА ПАЦИФИКОТ**
ЗА ЈАПОНСКОТО СУПЕРОРУЖЈЕ ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Страница 24 **КАДРИ ЗА НОВОТО ВРЕМЕ**
СВЕЧЕНА ЗАКЛЕТВА НА ПИТОМЦИТЕ ОД ВТОРАТА ГЕНЕРАЦИЈА НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА „ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Страница 32 **НАЈДОБРИ КОГА Е НАЈТЕШКО**
АТРАКТИВНИ ДЕМОНСТРАЦИИ СО ВИСОК СТЕПЕН НА ОБУЧЕНОСТ, СТРУЧНОСТ И ПСИХОФИЗИЧКА КОНДИЦИЈА

Страница 36 **ВЕРНОСТ, ХРАБРОСТ И ИНТЕГРИТЕТ**
ФЕДЕРАЛНОТО БИРО ЗА ИСТРАГИ НА САД

Страница 44 **МАКЕДОНСКИОТ ПОЛК ВО УКРАИНА**
МАКЕДОНЦИ ВО ВОЕНА СЛУЖБА НА ЦАРСКА РУСИЈА

Страница 50 **ФУДБАЛОТ Е МАГИЈА**
РАЗГОВОР СО ВАСИЛ РИНГОВ, ЕДЕН ОД НАЈДОБРИТЕ МАКЕДОНСКИ ФУДБАЛЕРИ НА СИТЕ ВРЕМИЊА





Страница 11




Страница 26




Страница 30



**ШТИТ - Година II, број 15, ноември 2010 година, излегува еднаш месечно**
**ИЗДАВАЧ - МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ**
Емил Димитриев (претседател)
Генерал-мајор Насер Сејдини, Сашко Димов, полковник Мирче Ѓоргоски, потполковник Здравко Ризовски, потполковник Мери Ринџова, проф. д-р Ѓорѓи Малковски

**ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК**
Здравко Ризовски, потполковник

**РЕДАКЦИЈА**
Васил Дичевски (новинар-уредник), Кристина Илиевска (новинар-уредник), Биљана Иванова (технички, ликовно-графички уредник); Иван Петрушевски (новинар-соработник); Ксенија Митева (лектор); Александар Атанасов (фотографии)

**КОНЦЕПТУАЛЕН КОНСАЛТИНГ, АРТ ДИРЕКЦИЈА И ДИЗАЈН**
Жарко Стојановиќ, Оливер Ќурчиев, Весна Вујадиновиќ, Стефан Смиљаноски

**Печати: „Европа 92“ – Кочани**



**АДРЕСА НА РЕДАКЦИЈАТА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА - СПИСАНИЕ „ШТИТ“
ул. „Орце Николов“ 66 1000 Скопје
Телефони: 02 328 24 17; 02 328 20 58
Факс: 02 3113 527; 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk



ЦЕНАТА НА ЕДЕН ПРИМЕРОК Е 50 ДЕНАРИ
ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА 600 ДЕНАРИ

жиро с-ка 05001001 1678720
(повикување на број: 725939-10)
даночен број: 4030990271748
ТС 100000000063095


**ПОВЕЌЕ ОД ПАРТНЕР НА НАТО**

Во предвечерието на претстојниот Самит на НАТО, месецот што измина беше исполнет со засилена меѓународна активност на политичкото водство на Република Македонија со цел уште еднаш пред меѓународната јавност да бидат јасно искажани и презентирани македонските позиции и да биде побарана поддршка од нашите партнери и пријатели на претстојниот собир на Алијансата да биде правилно вреднувано досега сработеното и Македонија да го добие местото кое заслужено ѝ припаѓа.

За таа цел министерот за одбрана, Зоран Коњановски, ги посети нашите најголеми поддржувачи и пријатели – САД и Канада од кои Република Македонија уште еднаш доби силна поддршка за членство во НАТО. „За Соединетите Американски Држави нема дилеми: ја почитуваат, ја ценат и ја вреднуваат Република Македонија и ѝ даваат силна поддршка за влез во НАТО“, оцени министерот за одбрана, Зоран Коњановски, по средбата во Вашингтон со американскиот секретар за одбрана, Роберт Гејтс. Реформите што ги прави Република Македонија и придонесот што македонските војници го даваат во мисијата ИСАФ во Авганистан, според оцената на Роберт Гејтс, правилно се вреднуваат и се препознаваат.

На иста линија беше и пораката упатена од нашите канадски пријатели, од канадскиот министер за одбрана, Питер Мек-Кеј и од другите канадски авторитети од кои добивме уверување дека Канада ќе инсистира НАТО да има отворени врати за Македонија. Освен на американско тло, засилени активности на македонските авторитети се одржаа и на европско тло.

„Германија ја поддржува Македонија на нејзиниот пат кон НАТО затоа што сметаме дека се направени многу важни и добри чекори во тој правец. Многу сме заинтересирани да се најде компромисно решение за името, бидејќи тоа донекаде е поврзано со прашањето на целокупната стабилност на Балканот“, изјави министерот за одбрана на Сојузна Република Германија, Карл Теодор Фрајхер Гутенберг, по првата официјална средба во Берлин со министерот за одбрана на Република Македонија Зоран Коњановски.

Првата официјална посета на македонскиот министер за одбрана на Сојузна Република Германија, освен што е прва посета, доби и нова димензија. Покрај високото ниво на соработка во делот на одбранбените прашања, како резултат на тоа што досега околу 140 припадници на АРМ се обучувале во германската армија, дополнително е потврден и тековниот заеднички ангажман на двете армии во рамките на НАТО-предводената операција ИСАФ во Авганистан. Нов белег на плодната и успешна соработка ѝ дава претстојниот заеднички ангажман на двете земји во рамките на ЕУ–борбената група во втората половина на 2012 година. Покрај досегашното успешно партиципирање во меѓународните мировни мисии предводени од ООН, од НАТО и од ЕУ, Република Македонија за првпат ќе се вклучи кон Концептот на ЕУ–борбените групи, предводена од Германија, давајќи на тој начин силен придонес кон европскиот систем за одбрана и безбедност. Несомнено е дека тоа е огромно признание за Република Македонија, плод на нашиот досегашен успешен придонес кон мирот.

Придонесот што Република Македонија го дава кон мирот во светот, најексплицитно се отсликува во изјавата на претседателката на Канадскиот атлантски совет, Џули Линдаоуд, на средбата во Торонто со министерот за одбрана Зоран Коњановски. „Се надевам, вели Линдаоуд, дека набрзо ќе има фер исход од ситуацијата, бидејќи придонесот што Македонија го дава во НАТО во светот е повеќе од она што би го правел иден кандидат за влез во Алијансата. Во овој момент Македонија е повеќе од просечен партнер на НАТО кој презема одговорности како член на Алијансата. Затоа е важно Македонија да стане членка на НАТО“. Република Македонија го направи своето. Одлуката е во рацете на членките на Алијансата.

*Здравко Ризовски*



# АТЕНТАТИТЕ И НИВНАТА ГЕНЕЗА – II

## МЕТОДИ НА НАПАД И ОРУЖЈЕ ШТО СЕ КОРИСТИ ПРИ АТЕНТАТИ

**ОРУЖЈЕ ЗА НАПАД ОДБЛИСКУ**

Во најголем број случаи методот на напад одблиску го користат луѓе со нарушено ментално здравје и политички фанатици, при што и едните и другите се решени да ја завршат својата работа дури и по цена на сопствениот живот. Обично, оној кој има нарушено ментално здравје е толку сроживеан со нападот што не може да се смири доколку работата не ја изврши со своја рака, односно додека не ја погледне жртвата директно во очи. Во многу случаи тој верува дека ќе стане херој со својот чин, што е и една од причините поради коишто тој обично по својот обид не дава отпор при апсење.

При методот одблиску потребни се релативно мали вештини. Најчесто како оружје се користи револвер или нож, иако почнуваме да забележуваме и зголемување на бројот на самоубиствени инциденти со бомби извршени од близина. Потребно е извесно собирање на разузнавачки информации однапред, но само доколку се знае рутата по која ќе се движи жртвата. Историски гледано се случувало и следење на жртвата.

Како примери може да се наведат атентатите над гувернерот Џорџ Валас, на 15 мај 1972 година, над Имелда Маркос, на 7 декември 1972 година, над претседателот Роналд Реган, на 30 март 1981 година, над претседателскиот кандидат Колосио од Мексико, на 23 март 1994 година и др.

**ОРУЖЈЕ ЗА НАПАД ОД ДАЛЕЧИНА**

Изведување на атентат од далечина поголема од 200 метри е веројатно најчесто применуваниот метод во денешниот свет. Пред пронаоѓањето на барутот, методот на напад одблиску бил единствениот начин. Меѓутоа, напредокот во поглед на оружје, технологија и експлозиви на потенцијалните атентатори им дале можност да ги остварат своите мисии и безбедно да се оддалечат од местото на настанот. Методот на напаѓање од далечина зависи само од имагинативноста на атентаторот. Моќните пушки, посебно оние опремени со телескопски визири, се основното средство што се применува во некои од најпознатите случаи.

За погодок на саканата цел е потребно поусовршено оружје, како што е на пример ракетен фрлач на гранати, и за овој тип оружје се потребни поголеми вештини знаења и обука. Неопходни се знаења и за карактеристиките на даденото оружје во однос на далечината и дострелот. Голем број терористи ја промашуваат својата цел токму поради далечината или недоволното познавање на оружјето.

На атентаторите им е потребно собирање на разузнавачки информации со цел да се дознае рутата и да се одреди точното место за напад.

Како примери може да се набројат атентатите на претседателот Кенеди – поранешен претседател на САД, Мартин Лутер Кинг – познат бранител на граѓанските права, претседателот Парк од Кореја, претседателот Зија од Пакистан, претседателот Нтарјамира од Бурунди, претседателот Хабјаримана од Руанда и др.

**ЕКСПЛОЗИВИ И КИДНАПИРАЊЕ**

Експлозивите бараат поголема обученост и вештина, односно потребно е специјализирано знаење за правење бомба, за нејзино поставување и за детонирање на средството. Како примери може да ги посочиме атентатите на Александар Хејг, врховниот командант на Сојузничките сили за Европа, SACEUR, во 1975 година, потоа на Раџив Ганди (од политички причини) во 1991 година, на Ранасинге Премадаса (од политички причини) во 1993 година, на премиерот на Велика Британија, Маргарет Тачер во 1984 година и сл.

Во однос на киднапирањето, иако може да се каже дека не е форма на атентат, сепак тоа подразбира напад. Значајно е да се спомене дека непосредната намера во киднапирањето не е да се убие жртвата. Жртвата на киднапирањето обично вреди повеќе жива отколку мртва, но сепак, честопати доколку не се задоволат барањата следи и смрт. Инаку, кога постои тим за заштита околку бараното лице, практика на киднаперите е тој да се елиминира. Киднапирањето е најкомплексниот метод на напад којшто обично се изведува само од добро организирани терористички групи кои за изведување на своите операции користат тим за напад, тим на разузнавачи, засолниште, тим за организациски работи/набљудување и пари.

За да изведат една ваква операција терористите треба беспрекорно да ја испланираат.

**Киднапирање на италијанскиот премиер Алдо Моро во 1978 година**

Во овој случај беа применети лажни аларми и лажни телефонски повици кои доведе до пренасочување на силите на полицијата. Офицерот за безбедност којшто остана на самото место на атентатот беше





ликвидиран од снајперист. Алдо Моро со себе имаше пет службени торби, но терористите знаеја во која од нив се наоѓаат најважните документи и лекови.

**ТЕРОРИЗАМ СО ДРЖАВНО ИЛИ СО МЕЃУНАРОДНО СПОНЗОРСТВО**

Терористичките групи коишто имаат спонзорство од дадена држава се подобро подготвени бидејќи тие имаат обука со која им се зголемуваат можностите и шансите за успех во изведувањето на покомплицирани мисии (киднапирање), потоа имаат пристап до финансиски средства за оружје и експлозиви и имаат пристап до поголеми



*Фото: Ceerwan Aziz*

системи на поддршка со кои што се подобрува нивниот потенцијал, нивната флексибилност и подвижност (пасоши, визи, облеки за маскирање и слично).

**Дел од организациите кои имаат државно или меѓународно спонзорство се**:

**Патриотскиот фронт Мануел Родригез (ПФМР)**

ПФМР е организација која работи исклучиво во Чиле, а помош (најчесто со снабдување оружје) добива од Комунистичката партија на Чиле, но и од другите комунистички земји.

**Организацијата на Абу Нидал (АНО)**

Седиште на операциите на АНО (организација која има своја политичка платформа) е во Либија, а има цела серија државни спонзори (прво Ирак, потоа Сирија, а од неодамна и Либија). Групата АНО е финансиски силна и веројатно е една од економски најстабилните терористички организации. За оваа група се претпоставува дека третина од нејзините приходи доаѓаат од земји-спонзори.

**Националноослободителен фронт Фарабундо Марти (ФМНЛ)**

Надворешното седиште на ФМНЛ се наоѓа во близината на Манагва, Никарагва, но исто така има претставништва во Панама, во Мексико и во Европа. ФМНЛ добива помош од комунистичките земји коишто и го доставуваат оружјето првенствено преку Никарагва, која, пак, ги помага во врска со обуката на нејзините припадници. Како примарни засолништа за членовите на оваа организација се споменуваат Никарагва и граничната зона меѓу Ел Салвадор и Хондурас.

**Хезболах (Исламски Џихад)**

Седиштето на Хезболах се наоѓа во Западен Бејрут и во долината Бека во Либан, а главниот центар за обука на припадниците на Хезболах е долината Бека (Источен Либан). Преку оваа врска Иран доставува политичка индоктринација и финансиска и материјална поддршка.

**Јужноамерикански картели за дрога**

Јужноамериканските картели за дрога спонзорството го добиваат од сопствената држава со што го „купуваат" политичкото влијание. Истовремено тие добиваат поддршка и од населението, преку укажување на економска помош, како на пример во Колумбија, во Еквадор, во Боливија, во Перу, во Бразил итн.

**ТАКТИКИ ЗА СПРОТИВСТАВУВАЊЕ НА МЕТОДИТЕ НА ТЕРОРИСТИТЕ**

Факт е дека никогаш не може да се гарантира безбедноста на една личност. Имено, непријателот ги има сите предности, а во наша полза е да ги употребиме оние информации со коишто располагаме. Заштитата претставува и подразбира напор за да се избегне какво и да било изненадување, односно да се земат предвид сите постоечки и можни околности и да се направат соодветни планови.

За време на обидот за атентат владее целосна паника. Затоа за да може нешто да се постигне за заштита на лицето кое се обезбедува, потребно е голема самоконтрола и спокојство од страна на тимот за заштита. Секој член на тимот мора инстиктивно да реагира на ситуацијата со цел да го одврати нападот и штитеникот да го однесе на безбедно место. Ова најпрво го постигнува со елиминирање на најголемата опасност, а потоа постепено се насочува кон покомплексните елементи:

- **формирање на безбедносни формации** за оружје од близок и далечински дострел;
- **откривање на набљудувањето** од страна на тимовите од разузнавачи кои собираат информации за штитеникот и за тимот за негова заштита;
- **безбедносно разузнавање** со цел да се утврди дали извесни групи или поединци припаѓаат на категории на потенцијални атентатори коишто би претставувале закана за штитеникот;
- **безбедносните периметри** се воспоставуваат со цел да се оневозможи пристап до штитеникот колку што е можно и да се осигура дека оние што имаат пристап не претставуваат закана;
- **претходницата** води сметка за сите опасни точки;
- **поворка на автомобили** со којашто штитеникот брзо и безбедно може да помине низ потенцијалните точки на опасност;
- **специјален агент** кој знае како оперираат терористите и криминалците, обучен за најефикасните начини за спречување на напади и којшто во дадена ситуација може да одговори на напад.

*Ненад Танески*